| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Градот и градинката празнуваат |
| **Содржина на денот** | Роденденска прослава |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Бојана Алексоска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | -Разговор на тема како да препознаам кога сум болен и што треба да направам да ги заштитам другите околу мене. |
| **Активности** | -Роденденските прослави се омилени на децата и прославувањето со семејството во домот може да биде многу интересно. Подготовките на роденденот можат да бидат многу возбудливи и креативни активности. За да го прославите роденденот употребете ја Вашата фантазија. Договарајте се со детето и измислете интересни начини за да го одбележите роденденот на градинката и градот Скопје. Од Вашите семејни албуми може да употребите фотографии од децата од нивната градинка како и од местата кои сте ги посетиле во градот Скопје. Објаснете му на детето дека кога се празнува роденденот на градинката се прават свечени приредби, се пеат песни и се рецитираат стихови, а градот Скопје се украсува свечено со знамиња. Затоа нацртајте или обојте знамиња со детето и украсете го просторот во домот а истовремено закачете и понекоја фотографија. Така просторот ќе биде свечено украсен и подготвен за прослава. За прославата подгответе свечена трпеза како и роденденска торта. Може да организирате караоке забава со членовите на семејството, пронајдете песни за градот Скопје и различни детски песни по Ваш избор. Читајте ситхови за градот и градинката. Пуштете музика и заедно танцувајте. На крајот пресечете ја тортата и засладете се . Прославата може да трае цел ден. Времето кое го поминувате со Вашето дете и семејството е од непрценливо значење. Детето ќе научи дека освен прославувањето на сопствениот роденден, прославувањето на роденденот на градот и градинката може да биде исто толку возбудливо и интересно.<br>Честит „13-ти Ноември“ – Роденден на градинката и градот Скопје!<br>Линк за Химна на градинката: https://www.youtube.com/watch?v=DowsBn_6b00 |